РЕЦЕНЗИЈА

# Во стеснет уметнички простор

Tweet
Like 0 Share

15 јуни 2008 - 16:46

Кон изложбата на Антони Мазневски во Националната галерија "Мала станица" - Скопје



Антони Мазневски (1963 г.) се претставува со дела од плексиглас поврзани околу идејата на вкрстување на елементите со органски и технички белези. Основната формална и структурна единица е линијарот за техничко цртање чии што криви линии биле мотив за создавање јасно определен ликовен концепт. Станува збор за реди-мејд (линијарот) кој е умножуван и комбиниран во пластични состави кои влијаат со своите синтетички како и биоморфни асоцијации, со прозрачноста на материјалот и пастелните тонови. Очевидна е намерата да се преведе една идеја или да се пронајде пластична аналогија или илустрација за биогените како органски состави кои со вкрстување раѓаат нов живот. Ѕидните објекти и цртежи, склулптурите и ситната пластика изведени во плексиглас ја нагласуваат синтетичноста на материјалот и пластичната, визуелна комбинаторика од која се појавуваат шаблонски дефинираните биоморфни "суштества".

Линијарот добил нова ликовна функција не сокривајќи ги предметните белези - се до асоцијации на нефункционален мебел. Делата поодделно ги менуваат димензиите и распоредот на елементите како и односите на делата во просторот. Притоа забележлива е љубовта на авторот кон ефектите на техничка перфекција и висок сјај на површините, како и создавањето дела со орнаментални белези. Тие се конципирани дводимензионално и тридимензионално со нагласка на линеарните и плошни форми и на динамичното лизгање на просторот по површината.

Сепак, делата на Мазневски се движат по површината на сензациите, предочувајќи го единствено мошне шематичното умножување на истите форми кои некаде се проткајуваат за да оформат некој "тотемистички" лик или асоцијативен предмет.

Заоблените форми создаваат затворен круг на "линии на сила" кои се немоќни да доловат или сугерираат непредвидлив, но уверлив ефект на ирационално или мистично искуство. Делата на Мазневски, доволни на самите себе си, не се ниту декоративни, ниту (апсурден) дизајн, најмалку уметност и затоа не бараат "духовна дополна".
Денешното време е време на памет, знаење, информатика, култура и капитал, меѓутоа идејата на "вкрстување" на вештачкото наспроти природното не вродило со забележлив творечки резултат, туку со маниристичко преповторување кое го афирмира испразнетиот знак.

Мазневски од критиката беше забележан со неговите минималистички композиции од празни ТВ кутии, лингивистичкиот концепт "THE END", како и со дизајнерскиот концепт на доближување на два дела на автомобилот "фолксваген". Со инсталацијата на готови предмети "Бродот на Моцарт" тој ја претставуваше Р. Македонија на Венецискиото биенале во 2005 година. Значењето на идејата и формалните предметни аспекти дојдода до израз и во овие дела илустрирајќи ја идејата за "самрак на знаците" (Ж.Бодријар) во еден стеснет уметнички простор.

***Владимир ВЕЛИЧКОВСКИ***




Like Share Sign Up to see what your friends like.


# Поврзани



[Фантазиите за кои копнеат не можат да се најдат ниту во најлудите соништа]()



[Презадоволни сме, во Шпанија лош спот не можеш да направиш!]()